There are no translations available.

Во наредниот двомесечен период во рамките на предвидените програмски активности, Општина Неготино за своите граѓани планира да обезбеди широк спектар на културни, спортски и други настани преку кои ќе придонесе за збогатување на општествениот и културно-забавниот живот во општината. Оваа година во рамки на манифестацијата “Спортско – културно лето ‘22”, која за прв пат ќе биде презентирана како единствена целина, ќе бидат одржани голем број на настани меѓу кои: турнири во повеќе спортови, театарски претставни, концерти, како и настани за подигање на свеста за одржлива урбана мобилност и настани со стопански карактер. За одбележување е организацијата на познатата “Неготинската музичка вечер 2022”, во рамките на која ќе настапат повеќе познати музички ѕвезди, а истата ќе се одржи на градскиот плоштад. Подетални информации за предвидените настани Општина Неготино ќе објавува пред започнувањето на секое од планираните случувања. Ги покануваме сите граѓани на Општина Неготино масовно да ги посетат предвидените настани и да уживаат во понудените содржини.

**СПОРТСКО – КУЛТУРНО ЛЕТО 2022**
**спорт/култура/традиција**
**(15 јули – 24 септември)**

| Датум на одржување | НАСТАН | МЕСТО |
|---|---|---|
| 15.07. – 08.08.2022 | **Меморијален турнир во мал фудбал "Крсте Велјанов"** | Спортски комплекс СРЦ "Младост" |
| 23.08. – 25.08.2022 | **Турнир во улична кошарка 3Х3 "STREETBALL 2022"** | Градски плоштад |
| 06.09. – 10.09.2022 | **Театарски фестивал "Бранко Ѓорчев"** | Центар за култура "Ацо Ѓорчев" |
| 12.09. – 17.09.2022 | **Турнир во пинг понг НЕГОТИНО ОПЕН 2022** | Урбана опрема за пинг понг - 4 локации во градот |
| 16.09. – 22.09.2022 | **EUROPEAN*MOBILITY*WEEK 2022** | Повеќе локации во градот |
| 18 Септември | **НЕГОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР** | Градски плоштад |
| 21-23 Септември | **Традиционален неготински панаѓур '22** | Централно градско подрачје |
| 24 Септември | **Меморијален турнир во борење слободен стил "Јован Димитров"** | СРЦ "Младост" |